КИРМ

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на Комората на извршители на Република Македонија

## за периодот од 1 јануари 2017 до 31 декември 2017 година

**Општ преглед на поставеноста и активностите на извршителите во Република Македонија**

Во оваа извештајна година, вкупниот број на извршители на 31.12.2017 година изнесуваше 101, и истите се распоредени на 11 подрачја на основните судови во Република Македонија.

Измените во оваа година во број на извршители и пополнетост на предвидени извршителски места во однос на минатата извештајна година се резултат на упис во Именикот на извршители на тројца нови извршители кои станаа членови на Комората на извршители.

Во текот на 2017 година, во Именикот на извршители при Комората на извршители се спроведе упис на тројца новоименувани извршители:

1. Васко Блажевски именуван за извршител за подрачје на Основен суд Скопје 1 Скопје и Скопје 2 Скопје ;
2. Мики Лазаров именуван за извршител на подрачје на Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино;
3. Елена Стрезоска именуван за извршител на подрачје на Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар.

Моменталната состојба на пополнетост на извршителските места е следната:

| Извршители по подрачни судови 2017 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ** | **Именувани** | **Предвидени со Правилник за број и распоред на службени седишта** | **Недостасуваат** | **Пополнетост** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 5 | 7 | 2 | 71,43% |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 7 | 11 | 4 | 63,64% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 10 | 15 | 5 | 33% |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 5 | 10 | 5 | 50% |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 9 | 11 | 2 | 81,82% |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 5 | 12 | 7 | 58% |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 5 | 7 | 2 | 71,43 % |
| **8. Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2** | 35 | 35 | 0 | 100 % |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 7 | 9 | 2 | 77,78 % |
| **10. Основен суд Тетово** | 6 | 8 | 2 | 62,50% |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 7 | 7 | 0 | 100% |
| **ВКУПНО:** | **98** | **132** | **34** | 74,24% |

Согласно чл. 32 ст. 4 од Законот за извршување („Службен весник на РМ" бр.72 од 12.04.2016 година) бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд ќе го определува министерот врз основа на претходно прибавена согласност од Владата на Република Македонија. Бројот на предвидени места изразени во табелата се на основа на Правилникот за определување на бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на извршителите на извршителите на подрачјата на РМ („Службен весник на РМ" бр.25/2006) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд и утврдување на критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на извршителите на извршителите на подрачјата на РМ („Службен весник на РМ" бр. 146/2007).

На барање на Комората 101 извршител пополнија и приложија до КИРМ анкетни листови за 2017 година, по чие сумирање, беа добиени следниве податоци:

| **Анкета за 2017 година** | | |
|---|---|---|
| **р.б** | **Прашање** | Одговори |
| **1** | Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија(вклучувајки ме и мене) изнесува: | 621 |
| **2** | Бројот на вработени во мојата извршителска канцеларија (не вклучувајќи ме и мене) изнесува: | 520 |
| | * со средно образование | 115 |
| | *дипломирани правници | 347 |
| | *со друго високо образование | 89 |
| | *дипломирани правници со положен правосуден испит | 179 |
| | *дипломирани правници со положен испит за извршители | 96 |
| | *(друго ако има допиши)-основно образование | 3 |
| **3** | Број на волонтери | 18 |
| **4** | Број на помошници извршители | 65 |
| **5** | Мојот Заменик извршител е | 27- вработени во канцеларија<br>74- друг извршител |
| **6** | Со колку компјутери вкупно располагате Вие и вашите вработени во извршителската канцеларија? | 628 |
| **7** | Дали се истите мрежно поврзани ?<br>( одговорете со да или не) | да 99 одговори |
| **8** | Дали користите електронски пристап по чл.36 ст.10 од ЗИ до услугите на: (одговорете со да или не) | |
| | *Централен регистар | 34 одговори да<br>67 одговори не |
| | *Управа за јавни приходи | 44 одговори да<br>57одговори не |
| | *КИБС | 99 одговори да |
| | *Катастар | 99 одговори да |
| | *е банкинг плаќање | 94 одговори да<br>7 одговори не |
| | *Агенција за вработување на РМ | 101 одговор да |
| | *Управата за водење на матични книги, | 16 одговори да<br>85 одговори не |
| | *Министерството за внатрешни работи | 3 одговори да<br>98 одговори не |
| **9** | *On line бази на закони и прописи (Службен весник, академика или др.) | 43 одговори да<br>58 одговори не |
| **10** | Извршителот има квалификуван сертификат издаден од овластен издавач на сертификати - токен за електронски потпис? (одговорете со да или не) | 101 одговор да |

Согласно што, вкупниот број на вработени лица во извршителските канцеларии, не вклучувајќи ги извршителите, изнесува 520 што е за 11 лица повеќе од минатата извештајна 2016 година, меѓутоа со оглед на зголемениот број на извршители просечниот број на вработени по извршител останува приближно ист, односно 5 вработени по канцеларија.

| Година | Број на извршители | Број на вработени | Просечен број на вработени во канцеларија (без извршител) |
|---|---|---|---|
| 2008 | 54 | 231 | 4,28 |
| 2009 | 77 | 177 | 2,95 |
| 2010 | 79 | 375 | 4,69 |
| 2011 | 91 | 339 | 3,85 |
| 2012 | 92 | 400 | 4,35 |
| 2013 | 98 | 460 | 4,69 |
| 2014 | 97 | 507 | 5,23 |
| 2015 | 99 | 526 | 5,31 |
| 2016 | 98 | 509 | 5,19 |
| 2017 | 101 | 520 | 5,14 |

Видно од анкетните листови, бројот на вработени кај извршители е константен, иако во текот на извештајната година истовремено има намалување на примените барања на извршување во 2017 година во споредба со 2016 година, воедно во извештајната година има и зголемување на процентот на реализација во извршителските канцеларии.

| Година | Вкупно примени барања за извршување | Број на вработени | Процент на реализација | Наплатени средства од извршување во денари | Наплатени средства од извршување во евра |
|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 159.575 | 507 | 30,99% | ден 6.634.421.232,00 | 107.876.768,00 € |
| **2015** | 154.522 | 526 | 33,95% | ден 6.620.288.163,00 | 107.646.962,00 € |
| **2016** | 227.836 | 509 | 24,02% | ден 7.316.327.660,50 | 118.964.677,41 € |
| **2017** | 88.723 | 520 | 63,30% | ден 10.222.831.717,00 | 166.224.905,97 € |

## Техничка и кадрова опременост на КИРМ

Во однос на техничката опременост на КИРМ, истата располага со: 4 Десктоп Компјутери со MS Office, 1 лап топ компјутер, 5 принтери, 1 факс, 1 ЛЦД проектор, 1 фотокопир, 1 скенер, 3 статични телефонски апарати, 1 метален сеф, 1 огноотпорен ормар, мебел и работни бироа.

Кадровскиот капацитет на стручната служба на КИРМ, се состои од четири лица во редовен работен однос, од кои едно лице вработено како секретар на Комората, едно лице вработено како самостоен референт за архивско и канцелариско работење, едно лице како стручен соработник како и едно лице како помлад стручен соработник.

## Постигнати резултати во извршувањето

Споредбено по години, резултатите за спроведување на извршување врз основа на доставените извештаи за работа на извршителите се следните:

| Година | Примени барања | Реализирани | Процент на реализација | Наплатени средства во евра |
|---|---|---|---|---|
| 2006 | 6.335 | 2.750 | 43,41% | 20.217.987,00 € |
| 2007 | 30.098 | 12.102 | 40,21% | 49.294.201,00 € |
| 2008 | 40.141 | 14.332 | 35,70% | 60.054.078,00 € |
| 2009 | 58.516 | 22.901 | 39,14% | 78.054.164,00 € |
| 2010 | 67.297 | 35.607 | 36,76% | 94.760.634,00 € |
| 2011 | 73.570 | 30.668 | 42,65% | 80.106.316,00 € |
| 2012 | 164.055 | 33.384 | 25,74% | 104.312.352,00 € |
| 2013 | 141.115 | 38.205 | 33,96% | 127.780.882,00 € |
| 2014 | 159.575 | 49.452 | 30,99% | 107.876.768,00 € |
| 2015 | 154.522 | 52.457 | 33,95% | 107.646.962,00 € |
| 2016 | 227.836 | 54.720 | 24,02% | 118.964.677,41 € |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2017 | 88.723 | 56.163 | 63,30 % | 166.224.905,97 € |
| **Вкупно за 12 години** | **1.211.783** | **402.741** | **33,24%** | **1.115.293.927,38 €** |

Во извештајната 2017 година, бројот на вкупно примени барања за извршување во 101 извршителска канцеларија изнесува 88.723 барања односно примени помал број на предмети од претходната извештајна 2016 година, меѓутоа завршени се 56.163 предмети со што процентот на вкупно завршени предмети (реализација) по однос на примени предмети во оваа извештајна година е зголемен и изнесува 63,30% што претставува зголемување од приближно 39% во однос на 2016 година кога процентот на годишно ниво изнесуваше 24,02%. Споредбено во последните три години бројот на реализирани извршни исправи во рамки на една година е приближно односно извршителите во просек реализирале околу 54.000 предмети годишно. [1]

Вкупниот износ на наплатени средства од извршување кои извршителите го наплатиле во 2017 година изнесува 166.224.905,97 евра, што претставува рекорден број на наплатени средства во дванаесетгодишното работење на извршителите во РМ.

| **Податоци од резултати по подрачја на извршители од 2017 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Број на извршители** | **Примени барања** | **Реализирани** | **Процент на реализација** | **Наплатени средства во евра** |
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 5 | 3063 | 3017 | 19.52 | 5,998,505.37 € |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 7 | 3572 | 3026 | 22.96 | 7,043,823.92 € |

[1] Табеларно изразени вкупни резултати за 2017 година од работата на сите 101 извршител во РМ се прилог кон овој Годишен извештај.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 10 | 7040 | 5913 | 15.67 | 8,235,702.33 € |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 5 | 6777 | 2345 | 9.49 | 3,210,404.42 € |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 9 | 4710 | 3238 | 14.46 | 4,454,638.16 € |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 5 | 4587 | 2831 | 15.61 | 10,756,550.65 € |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 5 | 3248 | 3063 | 22.44 | 2,698,467.01 € |
| **8. Основен суд Скопје 1 и Основен суд Скопје 2** | 35 | 40848 | 22461 | 14.12 | 94,572,089.41 € |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 7 | 3520 | 3651 | 21.22 | 13,182,290.63 € |
| **10. Основен суд Тетово** | 6 | 7786 | 3356 | 8.23 | 4,736,929.01 € |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 7 | 3572 | 3262 | 24.72 | 11,335,505.06 € |
| **ВКУПНО:** | 101 | **88723** | **56163** | **15.02 *** | **166,224,905.97 €** |

* Процентот на реализација по подрачја на кои се именувани извршителите во 2017 година е пресметан согласно Правилникот за формата и содржината на кварталниот извештај и годишниот писмен извештај за работата на извршителот, односно како соодност помеѓу примените и реализираните барања за извршување во кварталниот период. Овој процент изнесува вкупно 15.02% за сите подрачја и значително се разликува помеѓу подрачјата, при што подрачје со наголем процент на реализирани извршни исправи е подрачјето на Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе со 24.72%, додека пак подрачје на кое има најмала реализација на извршни исправи во однос на примените барања за извршување во тековната година е повторно подрачјето на Основен суд Тетово со процент на реализација од 8.23 %.




Табеларен приказ на процентот на наплата споредбено за последните четири години :

| Подрачје | Процент на реализација во 2014 година | Процент на реализација во 2015 година | Процент на реализација во 2016 година | Процент на реализација во 2017 година |
|---|---|---|---|---|
| **1. Основен суд Кочани, Основен суд Берово, Основен суд Виница и Основен суд Делчево** | 35.76 | 43.92 | 34.96 | 19.52 |
| **2. Основен суд Битола и Основен суд Ресен** | 44.6 | 49.6 | 37.07 | 22.96 |
| **3. Основен суд Велес, Основен суд Гевгелија, Основен суд Кавадарци и Основен суд Неготино** | 48.39 | 41.08 | 42.59 | 15.67 |
| **4. Основен суд Гостивар и Основен суд Кичево** | 17.93 | 29 | 12.91 | 9.49 |
| **5. Основен суд Куманово, Основен суд Крива Паланка и Основен суд Кратово** | 31.17 | 32.56 | 18.61 | 14.46 |
| **6. Основен суд Охрид, Основен суд Струга и Основен суд Дебар** | 34.17 | 29.32 | 23.97 | 15.61 |
| **7. Основен суд Прилеп и Основен суд Крушево** | 32.06 | 34.17 | 46.24 | 22.44 |
| **8. Основен суд Скопје 1 Скопје и Основен суд Скопје 2 Скопје** | 26.6 | 31.02 | 19.91 | 14.12 |
| **9. Основен суд Струмица и Основен суд Радовиш** | 39.66 | 39.83 | 37.21 | 21.22 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10. Основен суд Тетово** | 20.65 | 20.58 | 13.12 | 8.23 |
| **11. Основен суд Штип и Основен суд Свети Николе** | 37.28 | 39.28 | 37.65 | 24.72 |

Според податоците од оваа извештајна година во поглед на висина на наплатени средства за доверителите, извршителите од подрачјето на Основните судови Скопје 1 Скопје и Скопје 2 Скопје имаат најмногу наплатено парични средства и тоа во висина од 94,572,089.41 евра, додека пак најмалку наплатени парични средства има кај извршителите на подрачјето на Основните судови Прилеп и Основен суд Крушево односно 2,698,467.01 евра.

Преглед на висина на наплатени средства по подрачја во изразени во денари :




Согласно податоците од доставените извештаи за работата на извршителите за оваа извештајна година најголемиот број од применетите извршни исправи биле успешно реализирани во период на времетраење од повеќе од една година од моментот на поднесување на барањето за извршување:




Податоците за времетраењето на извршувањето споредбено за 2014, 2015, 2016 и 2017 година, укажуваат на континуирано зголемување на периодот потребен за завршување на еден предмет за извршување. На пример во 2014 година, 18453 барања за извршување се завршени во период над една година, додека пак во 2017 година тој број е зголемен на дури 32.004 барања за извршување реализирани во времетраење над една година.

| ПЕРИОД | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година |
|---|---|---|---|---|
| над 1 година | 18453 | 22899 | 27537 | 32004 |
| од 6 до 12 месеци | 7037 | 7290 | 6781 | 6792 |
| од 3 до 6 месеци | 5726 | 5521 | 4649 | 5181 |
| до 3 месеци | 18236 | 16729 | 15713 | 13440 |

Споредбено по години, бројот на реализирани извршни исправи од страна на извршителите продолжува континуирано да расте, со вкупен број од 56.163 извршни исправи во 2017 година како најголем број на реализирани извршни исправи сметано од 2012 година.




| | 2012 година | 2013 година | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Series1 | 33,384 | 38,205 | 49,452 | 52,457 | 54,720 | 56,163 |

# Структура на наплатени средства според доверители

Врз основа на добиените податоци од кварталните извештаи, според структура на доверители, извршителите во полза на државата наплатиле вкупен износ од 3,040,228 евра , што е значително помалку во споредба со наплатените 4,102,691 евра во полза на РМ во 2016 година. Воедно, во истиот период, назад во стопанството се влезени вкупно 147,255,108 евра, благодарение на реализацијата од страна на извршителите во РМ, додека пак во полза на физичките лица доверители реализирани се 16,531,233 евра.

| Структура на наплатените средства според доверители | **Износ во денари и евра за 2017 година** | |
|---|---|---|
| - за физички лица | ден 1,016,670,841.00 | 16,531,233.19 € |
| - за правни лица | ден 9,056,189,161.00 | 147,255,108.31 € |
| - за РМ | ден 186,974,062.00 | 3,040,228.65 € |

Податоците за наплатените средства за последните три извештајни години, укажуваат на постојана структура на типот на доверители, на начин што правните лица се најбројни доверители во извршителските канцеларии,

додека физичките лица остануваат да бидат најмалку застапени како доверители во извршувањето во периодот од 2015 година до 2017 година.




# Структура на наплатени средства според должници

Според структура на должници, извршителите во оваа извештајна година наплатиле најмногу парични средства од должници правни лица, поточно 122,495,592 евра, што во однос на наплатените 70,155,109 евра од должници –правни лица во 2016 година е зголемување на наплатата со разлика од 52.340.483 евра.

| Структура на наплатените средства според должници | **Наплатени средства во 2017 година** | |
|---|---|---|
| - од физички лица | **ден 2,022,114,177.00** | **2,168,197,056.50 ден.** |
| - од правни лица | **ден 7,533,478,914.00** | **4,314,539,242.00 ден.** |
| - од РМ | **ден 714,210,879.00** | **899,296,534.00 ден.** |




| | 2017 | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| - од физички лица | 32,879,905.32 € | 35,255,236.69 € | 29,161,731.72 € |
| - од правни лица | 122,495,592.10 € | 70,155,109.63 € | 62,740,800.98 € |
| - од РМ | 11,613,185.02 € | 14,622,707.87 € | 15,744,501.04 € |

Комората направи анализа на податоците, врз основа на доставените квартални извештаи од извршителите според основот на побарувањето за кое е поднесено барање за извршување. Бројот на поднесени барања за реализирање на непарични побарувања во извештајната 2017 година е вкупно 49 барања за извршување, со што непаричните побарувања продолжуваат да бидат во постојан пад.



- Вонсудска наплата на долгови

Започнувајќи од 01.01.2017 година преку веб порталот на Комората беа распределени вкупно 11.115 барања за вонсудска наплата на долг. Согласно примените извештаи за работата на извршителите вкупно во 2017 година се реализирани 6936 барања за вонсудска наплата на долг.

Со одлука на Уставниот суд на РМ У.бр. 143/2016-0-1 од 29.11.2017 („Службен весник на РМ" бр.178/2017 ), меѓуостанатото беше укината и целата глава од Законот за извршување која се однесуваше на вонсудска наплата на долг. Согласно што, Управниот одбор на КИРМ донесе одлука за ставање во мирување на веб порталот за распределба на предмети преку Комората.

**Активности на КИРМ преку органите и комисиите на Комората**

**1.** **Собранието на КИРМ**, во текот на оваа извештајна година одржа една редовна и неколку вонредни седници, на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

- **На седница на единаесетто редовно Собрание на КИРМ одржано на ден 03.02.2017 година во хотел Континентал, Скопје** беа донесени одлуки со кои се усвои годишниот извештај за работа на Комората за 2016 година, Завршна сметка и Фанансиски извештај за 2016 година и Финансиски план за 2017 година.

- **Вонредно Собрание на КИРМ одржано на 19 .05.2017 година во х. Радика Маврово** на кое собрание се донесе одлука за измена и дополнување на Правилникот за работа на Комисијата за вршење на надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување и правилна примена на Тарифата, одлука за измена и дополнување на Правилникот за начин на назначување на помошник извршител, формата и

содржината на легитимацијата на помошникот извршител и начинот на нејзино издавање и одземање.На оваа седница на собранието се усвои Правилникот за работа на Надзорниот одбор на КИРМ.

- **Вонредно Собрание на КИРМ одржано на ден 07.09.2017 година во х.Континентал Скопје** на кое членовите на Собранието донесоа одлука со која се констатира оставката на Претседател на КИРМ, Зоран Петрески извршител од Скопје .
- **Вонредно Собрание на КИРМ закажано на ден 08.10.2017 година во х.Аурора Берово** кое поради немање кворум за работа не заседаваше.
- **Вонредно Собрание на КИРМ одржано на 10.10.2017 година** во х.Континентал Скопје на кое се донесе одлука за избор на Зоран Димов извршител од Скопје за Претседател на КИРМ. На оваа седница на Собранието се изврши избор на заменик член на Дисциплинска комисија на КИРМ како и се донесе одлука за измена и дополнение на Годишниот извештај за работата на Комората за 2016 година.
- **Вонредно Собрание на КИРМ одржано на 30.10.2017 година во х. ТЦЦ Гранд Плаза Скопје.** На седницата на ова собрание се донесе одлука за измена на Статутот на КИРМ, одлука за барање на рамномерна распределба на предметите помеѓу извршителите, одлука за барање на автентично толкување на одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози како и одлука за барање на автентично толкување на одредбите од Законот за Народниот правобранител.
- **Вонредно Собрание на КИРМ одржано на 15.11.2017 година** во х. Континентал Скопје. На седницата на ова собрание се донесе одлука за утврдување на број на членови на Управен одбор како и одлука за избор на следните членови на Управен одбор на КИРМ:

1 Извршител Роза Родиќ, избран за член на УО на КИРМ од подрачјето на Апелационен суд Скопје ;

2 Извршител Антончо Коштанов, избран за член на УО на КИРМ од подрачјето на Апелационен суд Скопје ;

3 Извршител Дашмир Саити, избран за член на УО на КИРМ, од подрачјето на Апелационен суд Тетово ;

4 Извршител Владе Милески, избран за член на УО на КИРМ, од подрачјето на Апелационен суд Битола и

5 Извршител Саветка Георгиева, избран за член на УО на КИРМ, од подрачјето на Апелационен суд Штип.

## 2. <u>Управен одбор на КИРМ</u>

Управниот одбор на КИРМ, во текот на оваа извештајна година, има одржано 22 седници, на кои беа донесени следниве поважни одлуки:

- Се усвојуваат измените на Предлог Правилникот за работа на Комисијата за вршење на надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите со дополнение да се предвиди алтернатива на начин што членот 6 став 3 од Правилникот да се брише. Вака дополнетиот Правилник да се стави на гласање на седница на Собрание.
- Се усвојува Програмата за континуирана задолжителна едукација на КИРМ за 2017 година.
- Се овластува Претседателот на КИРМ да побара од закуподавачот на деловниот простор во кој се наоѓаше седиштето на КИРМ на ул. Илинденска бр. 60/2-2 Скопје, поврат на уплатен аванс од Комората поради исполнување услови за поврат на авансот бидејќи Комората постапила како совесен закупопримач и просторот го предава исчистен, искречен, без сторена штета во просторот и со целосно платени сметки.
- Не се дава иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против извршител Павел Томашевски од Скопје по поднесена пријава против извршител Павел Томашевски и Томислав Лешниковски – вработен во канцеларијата на извршителот, поради беспредметност.
- Управниот одбор на КИРМ препорачува извршителите сметководствено да ја евидентираат единствено редовната сметка на извршителот од причина што посебната сметка на извршителот не е предмет на книговодствено-сметководствено книжење/евидентирање од страна на овластен сметководител.
- Не се усвојува доставениот предлог Политиката за безбедност на канцеларии.Се задолжува формираната Комисијата во состав Анѓелка

Ефкоска, Роза Родиќ и Душан Филиповиќ да му дадат забелешки и напатствија на лицето ангажирано за изработка на Политика за безбедност на канцеларии за доработка на Политиката за базбедност на канцеларии. Доработената верзија на Политиката, усогласена со Комисијата да биде доставена на повторно одлучување на Комората.

- Се задолжува претседателот на Комората на извршители на РМ да доставува опомени до извршителите за една или две неплатени чланарини. Се овластува претседателот на Комората на извршители на РМ да поднесува предлог до нотар за издавање на нотарски платен налог против извршител за најмалку три неплатени членарини.
- Да се набават 3 (три) примероци од книгата Арбитражно право од проф. Татјана Зороска Камиловска за потребите на Комората на извршители на РМ.
- Се усвојува финансискиот шестмесечен извештај на КИРМ за 2017 година, и се доставува на надлежно постапување на Надзорен одбор на КИРМ, согласно член 38 од Статутот на Комората и член 3 од Правилникот за работа на Надзорен одбор на Комората на извршители на РМ.
- Се овластува Претседателот на КИРМ да исплати на име закупнина налицето Иван Пендов од Охрид по 100 еур месечно заради складирање на предметите и евиденцијата од канцеларијата на Димитар Стаменков, извршител чија должност престана.
- Се овластува Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифата, да спроведе вонредна контрола над работата на извршителот Весна Кавракова именуван за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Кратово и Крива Паланка во врска со нејзиното постапување по предмет И.бр.546/15 по повод наводите од Лицето Дијана Додевска од Скопје дека извршителот не постапувал по писмени барање на странката за спроведување на увид во предмет.
- Се доставува на Стручен совет на КИРМ, барањето за правно мислење од кој момент се смета течење на рокови за застареност за донесување одлука за утврдување на побарување на извршни трошоци односно рок за застареност за барање од извршител на плаќање аванс за цена на администрирање од доверител

- Се задолжува Претседателот да поднесе предлог за издавање платен налог до нотар против должник Александар Тасевски за неплатени членарини. Се овластува Претседателот да даде приговор против заклучок за одбивање извршување на извршител Методија Костадинов спрема физичко лице Љубиша Димитров, во врска со поведено извршување по основ неплатени членарини.
- Заменикот на извршител кој не е лице вработено во канцеларијата на извршител, туку е извршител кој е заменик на извршител, нема обврска за изработка и депонирање на печат, штембил и пломба на заменик извршител.
- Извршителите се должни да примат предмети во своите канцеларии доставени по основ на дадена Изјава до судот на кој извршител да се достави предметот по кој била започната постапка за извршување пред судот започната пред 26 мај 2006 година, за да може извршителот да продолжи со извршувањето, под услов доколку Изјавата од доверителот до судот е дадена во предвидените рокови од Законот за извршување ( Сл.весник на РМ бр.59/2011 година –пречистен текст). Извршителот по прием на предметот ќе продолжи од стадиумот во кој предметот бил пред судот, а по приемот е должен да го извести должникот дека извршувањето продолжило кај извршител согласно член 244 од ЗИ ( Сл.весник на РМ бр.59/2011 година –пречистен текст).
- Извршителот за превземените извршни дејствија после 01.01.2017 година ќе ја применува Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите ( „Службен весник на РМ“ бр.226 од 30.12.2016 г.)
- Се овластува Секретарот на Комората, по согласност од Претседателот на Комората да врши распределба на обврските на членовите на Управниот одбор врз основа на нивни изразени афинитети за постапување.
- Членовите на Управниот одбор на КИРМ смеат да одбијат доделена обрска од Комората само во оправдани случаи, при што се должни самите да си најдат замена од редот на членовите на Управниот одбор и да ја известат на маил Комората за истото.
- Управниот одбор при носење на одлуките на Управен одбор да одлучува дали и која одлука ќе биде доставена до сите извршители од страна на Комората.
- Се препорачува рокот од 15 дена од член 242 ст. 1 од ЗИ, да се смета дека започнува да тече од денот на спроведена достава на поканата за вонсудска наплата на долг до должникот.

Доставата која останала неуспешна односно извршителот ќе дојде до сознание дека должникот починал или правното лице престанало да постои, се смета за неуспешен обид за наплата на долг за кој извршителот ќе издаде потврда дека обидот е неуспешен врз основа на член 244 став 3 од ЗИ.

Се препорачува потврдите за вонсудска наплата на долг, електронски потпишани со електронски потпис, извршителите да ги доставуваат до доверителите по електронски пат.

- УО на КИРМ донесе одлука со која се препорачува на извршителите начин на примена на член 12 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите ( „Службен весник на РМ " бр. 226 од 30.12.2016 год.) [2]
- Се раскинува договорот за книговодствени и сметководствени услуги со Надекс ДОО Скопје, заклучно со 31.04.2017 година.

  Се овластува Претседателот да изврши избор на сметководствено биро и да склучи договор врз база на пристигнатите понуди од јавно објавениот повик за прибирање на понуди на сајтот на Комората.
- Се усвојува Упатството за постапување на извршителите при вонсудска наплата на долг и извршување на побарувања од комунални услуги и работа со Порталот за извршители на веб апликацијата на Комората за рамномерна распределба.
- Се упатуваат доверителите во вонсудска наплата на долг да поднесуваат барања за исправки на технички грешки во пишување (број на фактура, износ, ЕМБГ, назив на должник и сл.) директно на маилот на извршителот кому му е распределено барањето за вонсудка наплата на долг.
- **Се одобрува** Годишниот план за 2017 година за вршење на надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата, поднесен до УО на КИРМ од Комисијата за надзор при КИРМ.

  Се задолжува Стручната служба на КИРМ да го достави по електронска пошта усвоениот Годишен план за 2017 година до сите извршители заедно со Одлука од Комисијата за надзор за избор на број на предмети согласно чл. 1 ст.2 од планот.
- Се утврдува надомест за материјален трошок во висина од 500 денари за издавање на легитимација на помошник согласно член 10 од Правилник за начин на назначување на помошник извршител, формата и содржината на

[2] Препораката за примена на член 12 од Тарифата е прилог кон овој Годишен извештај

легитимацијата на помошникот извршител и начинот на нејзиното издавање и одземање.

- Да се заклучат Именикот за извршители, Именикот на заменици на извршители и Именикот на помошници, кои се водат во писмена форма при Комората, заклучно со датум 01.05.2017.

  Да се превземат податоците од заклучените именици во електронска форма и во иднина да се водат Именикот за извршители, Именикот на заменици на извршители и Именикот на помошници, при Комората единствено само во електронска форма.
- **Се усвојува** барањето за доделување на еднократна парична помош од Стефан Станкоски од Скопје, законски наследник на Гоце Станковски, дел.бр.03-323/1 од 22.03.2017 година.
- Се врши упис во Именикот на извршители на РМ на извршител Мики Лазаров од Велес врз основа на Решение за именување на извршител 09-1083/1 од 14.03.2017 година
- Се избираат за членови на Стручен совет на КИРМ , со мандат од една година, следните :

1. Проф.д-р Арсен Јаневски
2. Судија Стојанче Рибарев
3. Извршител Снежана Фитеска
4. Извршител Данче Попчотрова Ѓеоргиева

- Извршителите да ги користат печатите кои ги депонирале во судот и Комората согласно закон. Во случај на промена на печатите согласно важечките законски прописи и подзаконски акти, да се обратат до Комората и судот со барање за депонирање на нови печати.
- Извршителот има законско право за барање авансирање на трошоци од доверителот за секое следно извршно дејствие во предмет.
- Се овластува Претседателот на Комората да изврши упис во Именикот на извршителите на извршител Елена Стрезовска именуван врз основа на Решение 09-810/1 од 20.02.2017 година на министерот за правда.

  Уписот да се спроведе по конечност на Решението на 09-810/1 од 20.02.2017 година на министерот за правда.
- Се утврдува надомест од 2000 денари од седница, за членовите на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на извршител.

Надоместот се исплаќа за секој член на Комисијата за спроведување на конкурс за именување на извршител.

- Да се известат сите извршители дека извршителот има една канцеларија во местото каде е регистрирано седиштето на извршителот согласно член 36 ст.1 од ЗИ в.в со чл 2 од Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење извршни работи ( „Службен весник на РМ“ бр.226 од 30.12.2016 година ).

  Сите извршители кои имаат отворено повеќе канцеларии се повикуваат во примерен рок да ги затворат и за истото да ја известат Комората.

- Се препорачува извршителите ставките од Табела 2 од Тарифата на име составување одговор на приговор, достава на писмена и копија на списи, да ги применуваат исклучиво во постапка по поднесен приговор против незаконитости до претседателот на судот согласно член 86 од ЗИ.

  Извршителите немаат право на тарифирање на одговор по претставка поднесена до КИРМ, Народен правобранител на РМ, Министерство за правда и друга државна институција од причина што согласно член 24 од Уставот на РМ „Секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби и на нив да добие одговор “ а за претствката согласно со член 4 ст.2 од Законот за постапување по претставки и предлози, не се плаќа такса.

  Се препорачува извршителите при достава на одговори по приговори до институциите да ја користат електронската пошта како начин на достава.

  Се укажува дека по повод приговори до надлежните институции се доставуват само копии од списи односно скенирани списи, додека пак оригинал списи од извршен предмет можат да бидат доставени само врз основа на одлука на судот или јавен обвинител согласно член 40 став 5 од ЗИ.

- Претседателот на КИРМ одлучувајќи по повод барања за иземања на Претседателот на КИРМ од постапување по барања за иземања да ги отфрла како недозволени од причина што одредбата од 44 став 3 од ЗИ се однесува на иземање од одлучување на претседателот кога барањето за иземање се однесува на негово постапување како извршител.

  Барањата за иземање кои се однесуваат на извршител кој воедно во момент на одлучување е и Претседател на КИРМ, согласно член 44 став 3 од ЗИ, да бидат предмет на одлучување од страна на Управниот одбор на КИРМ.

- Се прифаќа барањето за одобрување средства за фудбалска репрезентација на КИРМ.

Се одобруваат средства во висина од 100.000 денари, наменски средства за потребите на играчите од фудбалскиот на КИРМ.

Се назначува Ванчо Марковски од Тетово за лице одговорно за фудбалскиот тим на КИРМ.

- Се избира Селим Адеми за член на Стручен совет на КИРМ.
- Се овластува Претседателот на Комората на извршители на РМ да достави поднесок до Управниот суд со став на Комората дека странките во извршувањето немаат правен интерес да се јават како вмешувачи во управните спорови кои се водат од страна на извршителите против одлуките на Дисциплинската комисија на КИРМ.
- Да се завземе став за начинот на водење на електронска евиденција на извршителот на уплатите од должник директно кај доверител по претходна координација со Министерството за правда.

- Се прифаќа барањето од фудбалски тим на КИРМ дел.бр.03-576/1 од 16.06.2017 година за уплата на втора рата за учество во Форца Лигата за сезона 2016/2017 година.

  Се определува износ од 26.000 денари да биде исплатен наменски на име котизација за учество во Лига, Паричните средства да бидат исплатени од паричните средства од финансискиот план за 2017 година определни на име буџет за спортски активности.
- Управниот одбор на Комората, ја разгледа оставката на Претседатлот на Комората, и истата ја проследува на разгледување на Собранието на Комората.
- Се проследува на Собрание на Комората како предлог точка на дневен ред, одлука на Претседател на Управен одбор за номинација на претставници на Работни групи за Предлог – Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување и Предлог – Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријат.
- Управниот одбор донесе одлука за номинација на претставници на Комората во Работни групи во Министерството за правда. [3]
- Се задолжуваат претставниците на Комората на извршители на РМ во Работната група за измена на Законот за извршување да го брифираат

[3] Одлуката за номинација на претставници на работни групи е прилог кон овој Годишен извештај

Управниот одбор на КИРМ после секој одржан состанок во Министерството за правда со цел добивање насоки од УО на КИРМ за официјалните ставови на Комората во поглед предлог измените на законот.

- Се утврдува дека во рамки на предвидениот рок до Комората на извршители е доставена по писмен пат кандидатура за избор на претседател на КИРМ, поднесена со потребен број на извршители кои го предлагаат кандидатот согласно Статут, со уредно приложена Согласност од предложениот кандидат Зоран Димов дека е согласен да ја извршува должноста, заедно со приложена Програма, согласно предвиденото во член 51 од Статутот на Комората на извршители на РМ.
- Не се дава иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против извршител Весна Кавракова именувана за извршител за подрачјето на Основен суд Куманово, Крива Паланка и Кратово од причина што наводите на странката за недозволување на увид во предмет кај извршителот останаа недокажани.
- Се усвојува следната Предлог измена на Статутот на КИРМ :

Во член 30 после став 5 се додава нов став 6 кој гласи :

„ Претседателот на Комората може да даде оставка од должноста претседател. Оставката се поднесува до Управниот одбор на Комората, кој во случај на оправданост на причините, му предлага на Собранието да донесе одлука за констатирање на оставката.

Доколку во последната година од мандатот , претседателот даде оставка, до избор на нов претседател должноста претседател ќе ја врши потпретседателот на Комората.

Одлуката за именување на вршител на должност претседател на Комората ја носи Управниот одбор на Комората на извршители на РМ."

Предлог измената на Статутот да биде предложена на Собранието при идни измени на Статутот на Комората на извршители на РМ.

Се примаат на знаење предлозите на Емилија Павловска член на Работната група при Министерството за правда за измена на ЗИ.

Се задолжува Емилија Павловска писмено да го извести УО на КИРМ за исходот по основ на денес презентираните предлози за измените на ЗИ од нејзина страна.

Се задолжуваат претсавниците на КИРМ во Работната група на Министерството за правда заеднички да ги достават записниците кои се водат за работата на Работната група.

- Се доставува поднесената оставка од Емилија Павловска - член на У,О на Собранието на КИРМ на надлежно одлучување.
- Се доставува поднесената оставка од Весна Јакимовска член на УО, на Собранието на КИРМ на надлежно одлучување.
- Се доставува поднесената оставка од Гордана Џутеска член на УО, на Собранието на КИРМ на надлежно одлучување.
- Се доставува поднесената оставка од Јасер Асани член на УО, на Собранието на КИРМ на надлежно одлучување.
- Се доставува поднесената оставка од Јорданчо Давитковски член на УО на Собранието на КИРМ на надлежно одлучување.
- Се доставува поднесената оставка од Катерина Кокина- член на УО, на Собранието на КИРМ на надлежно одлучување.
- Се доставува поднесената оставка од Благој Бањански- член на УО, на Собранието на КИРМ на надлежно одлучување.
- Се одложува донесување одлука по основ на Записници од средби на Работна група при Министерството за правда за измена на Закон за извршување.
- Се формира Работна група на КИРМ за давање предлог мислење до УО на КИРМ по повод измените на Законот за извршување објавени на ЕНЕР, во состав:

  Емилија Павловска, извршител од Штип,

  Христо Јованов, извршител од Скопје,

  Антончо Коштанов, извршител од Скопје

  Се задолжува работната група да ги следи коментарите и забелешките од јавната расправа по објава на предлог законските измени на ЗИ на ЕНЕР, и да даде предлог мислење до Управниот одбор на КИРМ како основа за официјалното мислење на Комората на извршители на РМ кон предлог измените на ЗИ.
- Управниот одбор на КИРМ е на мислење дека по заклучување на Уписникот за примени барања за извршување на крајот на календарската година, извршителот не смее повеќе да впишува нови податоци од тековната година за висината на наплатени на трошоци за извршување, во заклучен уписник од некоја претходна година.

- Се известува лицето определено за односи со јавност на КИРМ да не дава изјави на медиумите се до донесување на официјален став на Управен одбор на КИРМ по повод предлог измените на Законот за извршување.
- Да се поднесе барање до УЈП за склучување договор за размена на податоци за должници
- Се усвојува Записникот од Комисија формирана од УО на КИРМ и се прифаќа наведеното во Записникот заедно со предлог измената од Емилија Павловска доставена на денешената седница по однос на продажба на недвижности, како официјален став на УО на КИРМ по однос предлог измените на ЗИ објавени на www.ener.gov.mk
- Се одобрува Барањето од фудбалски тим на Комората на извршители на РМ за уплата на рата во износ од 25.000,00 денари за учество на Форца Бизнис лигата во СЦ Форца.Одобрените средства да се исплатат од буџетот во висина од 100.000 денари одобрен со одлука на Управен одбор донесена на 138-мата седница одржана на 15.05.2017, за наменски средства за потребите на играчите од фудбалскиот на КИРМ.
- Комората на извршители на РМ ќе ги одбива барањата за издавање потврда на приправници кои не се запишани во Именикот на приправници кој го води Комората.

  Комората на извршители на РМ ќе ги одбива барањата за упис на приправник во Именик на приправници на КИРМ на основа на склучени договори со датум постар од 5(пет) дена од датумот на склучување на договорот помеѓу извршителот и приправникот.

  По исклучок ќе се одобри барањето за упис во Именикот во Комората односно барањето за издавање на потврда за приправник кој е вработен кај извршителот на работно место со работни задачи на правни и извршни работи, а на основа на издадена потврда од извршителот, М/М2 образец и договор за работа со кој е пријавен во АВРМ.
- Да се спроведе постапката за продолжување на заштита на трговска марка за логото на КИРМ, на македонски и англиски јазик, за период од десет години.
- Се задолжува Стручната служба на КИРМ да ги проследува до сите извршители поканите за семинари, обуки и работилници пристигнати до Комората со цел извршителите да можат да земат учество на своја сметка на

некоја од едукациите кои третираат правни теми кои би биле од интерес за извршителите.

- Се усвојува изготвеното предлог-мислење од страна на Стручната служба на КИРМ на основа на Записникот од Комисијата формирана од УО на Комората на извршители на РМ по повод предлог Законот за измена и дополнување на Законот за извршување како официјален став на УО на КИРМ по однос предлог измените на ЗИ објавени на www.ener.gov.mk.
- Се избира Антончо Коштанов, извршител од Скопје, за Потпретседател на Комората на извршители на РМ.
- Се задолжува Стручната служба на КИРМ да достави известување до сите извршители со барање за достава на податоци за редовните и посебните сметки и банки депонент до Комората со цел ажурирање на евиденцијата која ја води Комората.
- Се одобрува електронска размена на податоци на извршителите со Фонд за ПИОМ.
- Управниот одбор на КИРМ е на мислење дека по заклучување на Уписник за примени барања за извршување на крајот на календарската година, извршителот не смее повеќе да впишува нови податоци за извршни дејствија кои се превземаат во тековната година односно по заклучувањето на уписникот од некоја претходна година.
- Се разрешува Гордан Станковиќ од лице овластено за односи со јавност на КИРМ.

  Се разрешува Премтим Ќерими од лице овластено за односи со јавност на КИРМ.
- Комората да организира на сметка на Комората предновогодишна забава за извршителите на која да бидат поканети и претставници на доверителите.
- Се прифаќа делумно Понудата од Ернесто Ребула од Скопје дел.бр.03-991/1 од 23.11.2017 година.

  Се овластува Претседателот да склучи договор со понудувачот за купување на половен Принтер со факс CANNON IMAGERUNNER по цена од 350 еур и дрвен ормар со полици –двокрилен и два ормари со полици по цена од 100 еура, односно вкупна цена од 450 еур.
- Се формира Комисија за попис на основни средства на КИРМ во состав Анѓелка Ефкоска, Дашмир Саити и Билјана Николовска.

- При донесување на одлуките на УО на КИРМ задолжително при јавно гласање согласно член 10 од Деловникот за работа на Управен одбор на КИРМ да се гласа со кревање на раце и на записник да се нотира како издвоено мислење ставот на членот на УО кој гласал против односно воздржано.
- Се овластува Претседателот на КИРМ да склучи договор со Гордана Дувњак, новина, за консултантски услуги за медумуско претставување на Комората, за период од три месеци, за нето износ на услугата од 10.000 денари месечно.
- Се намалуваат патни трошоци за службен пат со користење на сопствено возило за членовите на, Претседателот на КИРМ, членовите на Управен одбор на КИРМ и членови на Комисии од 30% по цена од најскап литар гориво по километар на 20% по цена од најскап литар гориво по километар.

  Се менува член 2 и член 3 во Правилникот за надоместок на патни трошоци за службени патувања на КИРМ на начин што зборовите „30% по цена од литар гориво“ се заменуваат со зборовите „20% по цена од наскап литар гориво“.
- Се овластува Претседателот на Комората на извршители на РМ во итни случаи самиот да ги изврши работите кои се од надлежност на Управниот одбор на Комората, и тоа:
  - да подготви и достави до министерството предлози и мислења што се однесуваат на основната поставеност на извршителите, како и по сите други прашања што се однесуваат на должноста извршител;
  - да преземе и спроведе иницијативи за разгледување на прашања од интерес на извршителите, како што се прашањата за социјалната заштита на извршителите;
  - да издаде уверенија за спроведено стручно оспособување, врз основа на потврда издадена од извршителот кај кого се врши оспособувањето;
  - да иницира постапка за присилна наплата на членарината и
  - да одлучи за други прашања кои со закон или со Статутот на Комората се ставени во надлежност на Управниот одбор на Комората, како и за сите прашања кои не се ставени во надлежност на некој друг орган на Комората.

- Претседателот на Комората е должен за секое преземено дејствие од горенаведените, да го извести Управниот одбор и да побара одобрение за преземеното дејствие.
- Се овластува Претседателот на КИРМ да достави до Министерот за правда Барање за укинување на член 12 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на РМ“ бр.226 од 30.12.2016 година).
- Се одобрува годишниот распоред на Комората на извршители на Република Македонија за 2018 година.
- Се усвојува  Извештајот за присуство на извршители по општини од 2017 година.

## 3. Претседател на КИРМ

А. **Разгледување на претставки**

До Комората на извршители на РМ во периодот од 1 јануари 2017 година до 31 декември 2017 година беа доставени вкупно 249 претставки од странки против извршителите. По претходни извиди во поднесоците доколку беа утврдени формални недостатоци, доставено е барање за уредување од страна на Стручната служба на КИРМ до странката и онаму каде што не беше постапено претставката е отфрлена. Сите останати се доставени до конкретниот извршител со барање за произнесување по наводите од поднесокот.

Според структурата на подносители на претставки до Претседателот на Комората должниците продолжуваат да доминираат како подносители на претставки против извршителите:

| Преглед на подносители на претставки во 2015, 2016 и 2017 година до КИРМ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **р.б.** | **Подносител** | **2015 година** | **2016 година** | **2017 година** |
| 1 | Доверители | 73 | 61 | 61 |
| 2 | Должници | 258 | 232 | 167 |
| 3 | Заложен должник | 2 | 0 | 0 |
| 4 | Солидарен должник | 2 | 0 | 0 |
| 5 | Трети лица | 15 | 4 | 19 |
| 6 | Учесник во постапка пред суд | 1 | 0 | 2 |
| 7 | Не е странка во постапка | 1 | 0 | 0 |
| | **Вкупно:** | **352** | **297** | **249** |

Од страна на Претседателот на КИРМ, во рамки на неговата законска надлежност по член 69 од Законот за извршување, беше постапувано по

претставките доставни во Комората и беа донесени вкупно 264 одлуки изразени табеларно со краток опис на тип на одлуката:

| **Реден број** | **Одлуки на Претседател на КИРМ** | **Број** |
|---|---|---|
| 1 | Решение со кое не се поднесува предлог за поведување дисциплинска постапка поради нестручно постапување на извршител | 55 |
| 2 | Решение со кое не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка поради несовесно постапување на извршител | 62 |
| 3 | Решение со кое не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка поради заради нестручно и несовесно постапување на извршител | 44 |
| 4 | Решение со кое не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка поради нестручно, несовесно постапување и повреда на Тарифа | 4 |
| 5 | Решение со кое не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка поради нестручно постапување и повреда на Тарифа | 10 |
| 6 | Решение со кое не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка поради несовесно постапување и повреда на Тарифа | 15 |
| 7 | Решение со кое не се поднесува предлог за поведување на дисциплинска постапка поради повреда на Тарифа | 8 |
| 8 | Решение со кое делумно се усвојува претставка поради повреда на Тарифа | 3 |
| 9 | Решение со кое се отфрла претставката поради беспредметност заради повреда на Тарифа | 2 |
| 10 | Решение со кое се отфрла претставката поради безпредметност | 11 |
| 11 | Решение со кое се отфрла претставката како недозволена | 1 |
| 12 | Решение со кое се отфрла претставката поради неуредност | 5 |
| 13 | Решение со кое се констатира повлекување на претставка | 4 |
| 14 | Известување | 1 |
| 15 | Решение со кое се отфрла претставката поради ненадлежност | 20 |
| 16 | Решение со кое се отфрла претставката поради решена работа | 15 |
| 17 | Решение со кое се отфрла претставката поради решена работа и ненадлежност | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Одлука со која не се дава иницијатива за вршење надзор | 1 |
| 19 | Вкупно | 264 |

Во вкупниот број на решени претставки учествуваат и претставки кои биле примени, а останале нерешени во претходната 2016 година, како и неколку одлучувања по повод повторно поднесување на претставките.

Од вкупниот број на претставките примени во текот на 2017 година, Претседателот на КИРМ три претставки остануваат нерешени во рамки на ова извештајна година и се префрлуваат за следната 2018 година.

Претседателот на КИРМ во 2017 година одлучуваше и по основ на една претставка поднесена против Комората на извршители на РМ како и по повод на една претставка поднесена против заменик на извршител.

Претседателот на Комората достави и дваесет и три одговори по поднесени тужби за поведување на управен спор од страна на извршителите до Управен суд на РМ :

| Број на тужби поднесени до Управен суд против одлуки на КИРМ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2014 година** | **2015 година** | **2016 година** | **2017 година** |
| **Тужби по повод решение на Претседател на КИРМ по претставка** | **22** | **9** | **4** | **8** |
| **Тужби по повод решение на Дисциплинска комисија** | **19** | **6** | **12** | **15** |
| **Вкупно:** | **41** | **15** | **16** | **23** |

Претседателот на КИРМ во текот на 2017 година достави 21 одговори на жалби по повод управен спор до Виш Управен суд на РМ.

| Број на жалби поднесени до Виш Управен суд на РМ против одлуки на КИРМ во 2017 | |
|---|---|
| Поднесени жалби во врска со решение на Претседател на КИРМ по претставка | 15 |
| Поднесени жалби во врска со решение на Дисциплинска комисија на КИРМ | 6 |
| **Вкупно** | **21** |

Во оваа извештајна година Претседателот на КИРМ одлучуваше по 7 (седум) барања за иземање на извршител, по осонов кои беа донесени седум одлуки со кои не се прифаќа барањето за изземање на извршител.

Претседателот на КИРМ во 2017 година поднесе 15 (петнаесет) барања за извршување против извршители по основ долг за неплатена парична казна изречена со одлука на Дисциплинска комисија на КИРМ.

Претседателот редовно доставуваше известувања до Народниот правобранител на РМ по пристигнати барања за известување со барање за превземање дејствија од страна на НП на РМ а по повод претставки од граѓани кои се однесуваат за постапување на извршителите, како и по повод барања податоци од Јавното обвинителство на РМ.

Б. **Утврдување на просторни услови**

Претседателот во текот на оваа извештајна година спроведе увид во канцеларии на извршители со цел констатирање дали работните услови на канцеларијата на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи ( „Службен весник на РМ“ бр. 226/16 од 30.12.2016 година) Врз основа на спроведените увиди, претседателот донесе 17 (седумнаесет) позитивни мислења со кои се констатира дека работните простории на извршителот ги исполнуваат условите за работа согласно Правилникот за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршни работи.

В. **Членарина**

Претседателот на КИРМ во текот на оваа извештајна година, врз основа на одлуката на Собранието со која се овластува да поднесува правни средства против извршителите кои имаат долг спрема Комората за неплатени членарини , поднесе:

- Два предлози до надлежен нотар за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа;
- Две барања за извршување против извршител врз основа на нотарско решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа по основ долг за неплатена членарина спрема Комората.

Г. **Средби**

Во текот 2017-та година Претседателот на КИРМ оствари повеќе средби со претставници на институции, помеѓу кои најзначајни се континуираните работни состаноци со Министерот за правда при изработка на предлог Законот за измена и дополнување на Законот за извршување.

Во оваа извештајна година Претседателот на КИРМ, оствари и повеќе средби со претставници на институции, помеѓу кои најзначајни се:

На ден 17.11.2017 година во Дирекцијата на Македонски Телеком и Дирекцијата на ЕВН се одржани работни состаноци на кои учествуваше претседателот на Комората заедно со претставници од Комората и претставници од наведените институции. На состанокот со претставниците од Македонски Телеком е разговарано и дискутирано во врска со измените на Законот за извршување особено за член 28 ст.1,2 и 3, член 40 алинеја 15 од постојниот ЗИ, член 46 ст.1,2 и 3, член 86, 87 и за член 93 ст.1 од ЗИ. На состанокот со претставниците на Дирекцијата на ЕВН исто така е разговарано на тема, измените на Законот за извршување.

Претседателот на Комората заедно со членови на Комората и претставници од МВР, на ден 22.11.2017 година во просториите на МВР учествуваше на работен состанок на кој е дискутирано за членовите од Законот за извршување кои се однесуваат за потрага на моторни возила, член 40 алнеја 15 и член 95 од ЗИ.

На ден 27.11.2017 година во просториите на Министерството за правда на РМ, претседателот на Комората заедно со членови на Комората и претставници од МП, учествуваше на работен состанок на кој е дискутирано за предстојните измени на Законот за извршување. Истиот ден, во просториите Стопанската Комора претседателот на Комората заедно со член на УО на КИРМ и претставници од Стопанската Комора, претставници од ЕВН, претставник од здружението на Банките, учествуваше на работен состанок на кој е дискутирано за измените на ЗИ и заедничката соботка. Подоцна, во просториите на Комората, претседателот на комората заедно

со членови од Комората одржа работен состанок со претставници од девет банки во РМ, на кој е разговарано за измените на ЗИ и за идната соработка помеѓу извршителите и банките, како најголеми и најбројни доверители.

Претседателот на Комората заедно со членови на Комората, на ден 29.11.2017 година одржа работен состанок на кој се анализирани Законот за возила и Законот за извршување по што беше оформен предлог законски член, а подоцна на состанок во просториите на МП се разгледааа можностите за измени на Законот за возила и Законот за извршување.

На ден 20.12.2017 година во АКН на РМ, претседателот на Комората заедно со претсавници од Комората, претставници од МП, претставници од банки и директорот на АКН, одржаа средба на која е дискутирано за изнаоѓање на решение за спроведување на извршувањето врз идните градби и бесправно изградените објекти, со користење на важечките закони и обрасци како и информирање на сите членови на Комората како професионални корисници за воведувањето на рокот од 48 часа за комплетирање на поднесените пријави преку е-кат системот на АКН.

На ден 22.12.2017 година, претседателот на Комората заедно со член од УО на КИРМ и претставник од МП, учествуваше на работен состанок во просториите на Национално Биро за осигурување, на кој било дискутирано за член 40 алинеја 15 и член 95 од ЗИ особено дека Национално Биро за осигурување има функционален информатички центар и база на податоци за моторните возила, а во врска со задолжителната одговорност на сопствениците на моторни возила, како и за проблемот на постоење на голем број на нерегистрирани мотовни возила во РМ.

Претседателот на Комората заедно со член од УО на ден 25.12.2017 година присуствуваше на работен состанок со Професор Д-р Борче Давитковски при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, на кој е дискутирано за напорите на КИРМ за измени на член 95 од ЗИ и негова реална примена како и тоа дали тој член е во колизија со други закони и законски прописи на РМ.

Претседателот на Комората на ден 26.12.2017 година заедно со членови од Комората и претставници од МП оствари средба со претставници на УЈП, на која беше разгледан предлогот за склучување на Меморандум за соработка

помеѓу КИРМ и УЈП, давање информации од страна на УЈП за потребите на извршителите, и изнаоѓање на можни решенија за решавање на прашањето за наплатените придонеси од страна на извршителите по судските пресуди кои не се уплатени на соодветните фондови поради некомпатибилност со концептот на бруто плата.

Д. **Одлуки**

Во однос на обврските на правните лица со јавни овластувања согласно Законот за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер Претседателот како овластено лице заедно со назначените службени лица вработени во Комората посредуваше и укажуваше помош при остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

До Комората на извршители на РМ, за периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година се поднесени 3 (три) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.Комората на извршители на РМ, позитивно одговори на две барања за пристап до информација од јавен карактер и одбила едно барање за пристап до информација од јавен карактер.

Против првостепените одлуки донесени од страна на Комората на извршители на РМ во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година, не е вложена жалба од страна на подносителите на барањето, а Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во тековната година, со Решение број 08-600 од 11.01.2017 година, отфрли една жалба изјавена од барател поднесена против одлука на Комората на извршители на Република Македонија, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер. Како причина за отфрлање на жалбата изјавена барателот на пристап, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја наведува недопуштеноста односно на жалбата од причини што жалбата е нејасна и непрецизна и не може да се постапи по истата.

На ТАИЕХ работилница за подигање на свеста за слободен пристап до информации од јавен карактер одржана во деновите 8-ми и 9-ти јуни 2017 година во Скопје, организирана во соработка со Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, од Комората на извршители на РМ, зема учество Снежана Пижевска како службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Комората во законскиот рок ја исполни својата законска обврска како имател на информации од јавен карактер и до Комисијата достави Годишен извештај за примени барања за пристап до информации со јавен карактер.

## 4 Дисциплинска комисија (ДК) на КИРМ

До Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година беа доставени вкупно 3 (три) Предлози за поведување на дисциплинска постапка, сите од Министерот за правда како подносител, и по одлучување по предлозите, Дисциплинската Комисија изрече две парични казни на извршител и една јавна опомена.

**Дисциплинска комисија 2017 година**

На ден 21.03.2017 година, Дисциплинската комисија одржа конститутивна седница, на која беа избрани Претседател на Дисциплинска Комисија, Заменик претседател на Дисциплинска комисија, член известител и заменик член известител на Дисциплинската комисија а сето тоа согласно член 58 од Закон за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/16) в.в. член 6 од Правилник за Дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка.

Согласно тоа што во текот на 2016 година до Дисциплинската комисија беа доставени 4 Предлози за поведување на дисциплинска постапка од Министер за правда на РМ, а по истек на мандатот на дисциплинската комисија и по стапување на сила на новиот Закон за извршување ( „Службен весник на РМ “ бр. 72/16 и бр. 142/16), новиот состав на Дисциплинска комисија на ден 04.04.2017 година одржа главен претрес на кои што четири

Предлози за поведување на дисциплинска постапка од Министер за правда на РМ, ги отфрли.

Споредбено во последните четири години се донесени следниве одлуки на ДК на КИРМ:

| Изречени дисциплински мерки во 2014, 2015, 2016 и 2017 година | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Број на извршители** | **Вкупен број на предлози за дисциплинска постапка** | Не е сторена дисциплинска повреда | Дисциплинска мерка парична казна на извршител | Дисциплинска мерка јавна опомена на извршител | Привремена забрана | Отфрлање на предлог от поради застареност | Нерешени |
| **2014** | **97** | **37** | 16 | 12 | 6 | 0 | 1 | 2 |
| **2015** | **99** | **39** | 19 | 5 | 11 | 0 | 0 | 4 |
| **2016** | **98** | **5** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 |
| **2017** | **101** | **3** | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |

Претседателот на КИРМ како овластен предлагач и претседател на основен суд како овластен предлагач на дисциплинска постапка, немаат поднесено предлог за дисциплинска постапка во оваа извештајна година.

**Надзорен одбор на КИРМ**, во состав од три члена, во текот на оваа извештајна 2017 година, одржа четири седница на кои беше спроведен надзор над финансиското работење на Комората на тромесечни периоди вотекот на 2017 година како и спроведе еден годишен надзор над работењето на Комората. Врз основа на обврската од Статутот на КИРМ Надзорниот одбор достави свој Извештај за работењето до Собранието на Комората[4] .

**Стручен совет на КИРМ** Стручниот совет одржа три седници на кои ги разгледа правните прашања доставени преку Управниот одбор и по повод истите донесе предлог-правни мислења и согласно Правилникот за работа на Стручниот совет, ги достави до Управниот одбор на КИРМ на усвојување. Управниот одбор во оваа извештајна година не ги усвои доставените правни

[4] Годишниот извештај на Надзорен одбор е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРМ

мислења кои беа предложени од страна на Стручниот совет, и истите беа насрочени за одлучување во следната 2018 година.

Стручниот совет на основа на заклучок од Тркалезна маса за правните последици од одлука на Уставниот суд на РМ со која се укина заклучокот за утврдување трошоци како извршна исправа, одржа седница во проширен состав и достави до Управниот одбор предлог Заклучоци со цел воедначено постапување на извршителите, кои Заклучоци од страна на УО на КИРМ беа усвоени на 156 седница на 22.12.2017 година.[5]

**Комисија за стручна едукација на извршители** , во состав од пет члена, во текот на оваа извештајна година, одржа три средби на кои за претседател ја избраа извршител Снежана Андреевска и на Управниот одбор му предложија теми за семинари и доставија до Управниот одбор како надлежен орган на КИРМ за организирање на континуирана едукација, Предлог План за годишна континуирана едукација на извршителите за 2018 година.

**Комисија за контрола и воедначено постапување на извршителите**

Во текот на извештајната година, со Одлука бр. 02-417/11 од 26.04.2017 година донесена на 138 седница на Управниот одбор на КИРМ беше одобрен Годишниот план за 2017 година за вршење надзор над работењето на извршителите со цел воедначено постапување на извршителите и правилна примена на Тарифата. На ден 01.08.2017 година Комисијата за вршење надзор над работата на извршителите составена од постојаните членови извршител Снежана Фитеска и извршител Гордан Станковиќ, со Одлука бр. 03-692/1 од 01.08.2017 година ги задолжи сите извршители по електронски пат или по пошта да достават, докази согласно член 6 од Законот за извршување за авансно плаќање трошоци на име цена на администрирање, реални трошоци и привичен налог за извршување. На ден 10.08.2017 година

[5] Заклучокот е прилог кон овој Годишен извештај за работата на КИРМ

од Комисијата во состав од постојаните членови извршител Снежана Фитеска и извршител Гордан Станковиќ и член извршител именуван за подрачјето на кое се врши контрола извршител Премтим Ќерими, како трет член на Комисијата од подрачјето, спроведе надзор над работата на тројца извршители именувани за подрачјето на Основен суд Куманово, Основен суд Кратово и Основен суд Крива Паланка согласно Годишниот распоред за 2017 година. Комисијата одлучи да го спроведе надзорот во пет предмети заведени во канцелариите на извршителите. Комисијата за спроведените надзори достави извештаи до Управниот одбор на КИРМ. [6]

- **Постапување на извршителите врз основа на член 36 став 1 од Закон за извршување.**

Врз основа на чл. 36 став 1 од Законот за извршување ( Службен Весник на РМ бр. 72 од 12.04.2016 година) в.в. чл. 5 ст.1 и ст.2 од Правилникот за работното време на извршителот и Комората на извршители на Република Македонија донесен на седница на Вонредно собрание на Комората на извршители на Република Македонија одржана на ден 20.06.2016 година, Управниот одбор на Комората на извршители на РМ со Одлука бр. 02-721/4 одобри Годишен распоред на Комората на извршители на РМ за 2017 година со кој се определуваат извршители во 15 (петнаесет) градови во РМ каде нема именувано извршител од редот на извршителите именувани за подрачјето на основниот суд на кој што територијално припаѓа градот, во просториите на општините за период од една година, а врз основа на еднаква застапеност на извршителите.

Согласно доставените извештаи за присуство во општини извршителите присуствуваа во општините согласно Годишниот распоред за период 02.01.2017 година до 11.12.2017 година, меѓутоа како резултат на

[6] Извештаите спроведените надзори од Комисијата за вршење надзор над работењето на извршителите и правилна примена на Тарифа се прилог кон овој Годишен извештај.

оваа активност во текот на 2017 година беше примено единствено едно (1) барање за извршување од физичко лице доставено до извршител присутенна одредениот ден во просториите на општината.

Сепак, неколку извршители не постапија согласно обврска односно не доставија до Комората Извештај за прием на барања за извршување од физички лица, во вкупен број 11 (единаесет) извештаи за прием на барања за извршување од физички лица и тоа еден извршител за прием во Општина Берово и Општина Македонска Каменица, еден извршител за Општина Демир Хисар, еден извршител за Општина Валандово и Општина Демир Капија, двајца извршители за Општина Куманово, еден извршител за Општина Македонски Брод, двајца извршители за Општина Дебар и еден извршител за Општина Крушево.

**Активности на КИРМ преку одржани семинари, обуки и работилници**

Во текот на оваа извештајна година, Управниот одбор на КИРМ ја организираше законски предвидената континуирана стручна едукација на извршителите на РМ и замениците, преку организирање на семинари, предавања и работилници, и тоа:

1. **Семинар на извршители**

Комората на извршители на РМ на ден 25.01.2017 година организираше семинар на извршителите кој се одржа во Стопанска комора на РМ, Скопје. На семинарот како модератори беа двајца извршители од Скопје кои учествуваа во изготвување на Законот за извршување Гордан Станковиќ и Снежана Фитеска и истите предложија предлог Протокол по кој би се постапувало во однос на детектираните правни прашања со започнување на примената на новиот Закон за извршување од 01.01.2017 година. На семинарот се донесе Заклучок да се формираат работни групи по подрачја и истите да достават свои предлог ставови за воедначена примена на новиот Закон за извршување до Комората на извршители.

На ден 20.05.2017 година во хотел Радика Маврово се одржа семинар на извршителите во рамки на кој беа обработени следните теми:

„Постапка по приговор до суд, одлагање на извршување по барање на странки, дозвола на претседател на суд за дејствие во стан на должник согласно нов Закон за извршување“ со предавач г-дин Александар Шопов, Претседател на Основен суд Велес. Понатаму, „ Карактеристични одлуки на Европскиот суд за човекови права од аспект на извршувањето“ со предавач г-ѓа Катерина Жатева, претстваник од Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП и „Постапување со портал за Рамномерна распределба на комунални предмети согласно нов Закон за извршување“ презентер г-дин Ѓорѓи Трендафилов, Трендком. На темата : „ Начин, услови и постапка за упис, промена и бришење на заложно право во заложниот регистар врз основа на акти на извршители “ говореше г-ѓа Катерина Богојевска Централен регистар на РМ , претстваник на Заложен регистар при ЦРРМ и „ Нови обврски на извршителите согласно Подзаконски акти на Министерство за правда и согласно нов Закон за извршување 2016 од аспект на спроведување на надзор = Осврт кон обрската за достава на квартални и годишни извештаи за работата на извршителот =“ на која тема предаваа г-ѓа Радица Лазаревска Геровска и г-дин Владимир Јанковски од Министерството за правда**.**

Во периодот од 06-07.10.2017 година во хотел Аурора Берово се одржа семинар на извршителите на кој членовите на Работната група при Министерството за правда презентираа Извештај за текот на предлог законските измени на Законот за извршување од претставници на Комората. Понатаму, судија Софија Миленкова, Основен суд Скопје 2 Скопје говореше на тема „ Отворени прашања во врска со нетрансферирани судски извршни предмети “. Во рамки на семинарот Заменик Народен правобранител Елена Ѓоргоноска Маневска имаше предавање: „Законски надлежности на Народниот правобранител во однос на лицата со јавни овластувања“. На тема **„** Однос помеѓу извршување и стечај / ликвидација -Стечаен должник и друштво во ликвидација како странки во извршувањето “имаа излагања г-дин Илир Сулејмани, Претседател на Основен суд Скопје 2 Скопје и г-дин Александар Шопов, Претседател на Основен суд во Велес. На темата „Извршување врз недвижности во фаза на легализација, екстензивно дејство на хипотека, припадоци и прирастоци. Извршување на недвижности за кои

нема доказ за сопственост.“ предаваше проф. д-р Родна Живковска, Правен факултет Јустинијан Први Скопје, додека претставниците од Агенција за катастар за недвижности на РМ г-ѓа Елеонора Стефановска и г-ѓа Христина Бошњакоска, имаа излагање :„ Осврт кон Законот за катастар на недвижности од аспект на извршувањето“.

На ден 15.12.2017 година, во организација на Комората на извршители на Република Македонија, се одржа тркалезна маса на тема „ Правни последици од Одлука на Уставен суд на РМ бр. У.бр: 143/2016-0-1 од 29.11.2017 години“ („Службен весник на РМ“ бр.178/2017). Покрај извршителите, на тркалезната маса присуствуваа судии, претставници на Министерството за правда како и претставници на доверителите: банки и јавни претпријатија. На Тркалезната маса беше донесен заклучок да се задолжи Стручниот совет да му предложи на УО на КИРМ заклучоци за начин на постапување по основ на правните последици од Одлуката на Уставниот суд на РМ.

**Меѓународни активности на КИРМ**

Оваа извештајна година, КИРМ, со своите активности беше присутна на меѓународен план. Битно е да се напоменат следниве настани и состаноци на кои земаа учеството претставници на КИРМ :

1. Делегација на Комората во состав Антончо Коштанов и Радица Лазаревска Героска, земаа учество на седница на постојаниот совет на МУСИ кој се одржа во Париз, Франција

**Регионална соработка на КИРМ**

Во оваа извештајна 2017 година Комората ја продолжи и зајакна соработката со Коморите на извршители од соседните земји во регионот и тоа со неколку активности :

- Делегација на Комората во состав извршител Јорданчо Давитковски и извршител Премтим Ќерими, земаа учество на годишна едукативна средба на Комората на извршители на Р. Србија која се одржа на Копаоник во Р.Србија;

- Делегација на Комората во состав извршител Јорданчо Давитковски, извршител Благој Бањански и Радица Лазаревска Героска од Министерството за правда, учествуваа на работен состанок во Пржно Р. Црна Гора, на кој се дискутираше на тема Балканска извршна исправа;

- Делегација на Комората во состав извршител Зоран Димов, извршител Роза Родиќ и Владимир Јанковски од Министерството за правда, учествуваа на работен состанок во Тирана Албанија, на кој претстваниците од земјите од регионот дискутираа на тема Балканска извршна исправа и одучија следниот работен состанок да биде одржан во Р. Македонија.

**Односи на КИРМ со домашни и странски институции**

А .Односи на КИРМ со домашни институции

1. **Односи со Министерството за правда на РМ**

Законската поставеност на Министерството за правда како институција која ја контролира работата на извршителите на РМ и на самата Комора, Министерството за правда во оваа извештајна година ја оствари преку спроведени редовни и вонредни надзори и до КИРМ беа доставени вкупно 50 извештаи за извршен надзор над работата на извршителите, од кои 13 спроведени надзори со увид во конкретен И.број на предмет, односно спроведен надзор по повод добиени сознанија од странки и учесници во во извршувањето (во табелата подолу како вонредни надзори) , додека 37 надзори се спроведени по основ на месечен план на Минситерството за правда за спроведување на надзор ( во табелата како редовни назори).[7] Во

[7] Анализата за спроведен надзор над работата на извршителите е направена според годината во која е примен извештајот за надзор во Комората а не по ден на спроведен надзор.

однос на претходната 2016 година бројот на вкупно спроведени надзори над работата на извршителите од страна на Министерството за правда бележи зголемување.




Министерот за правда како овластен предлагач на дисциплинска постапка согласно Законот за извршување, во оваа извештајна година поднесе вкупно 3 предлози за поведување на дисциплинска постапка врз основа на извештаите за спроведен надзор.

КИРМ во текот на оваа година редовно доставуваше одговори на барања за податоци упатени од страна на МП и ажурно доставуваше сублимирани и анализирани податоци од секаков карактер а во врска со извршувањето и дејноста извршител. Исто така и извршителите ажурно ја исполнуваа својата обврска и доставуваа квартални извештаи за својата работа до Министерството за правда.

На 01.02.2017 година Комората се обрати до Министерството за правда со Барање мислење за начин на примена од страна на извршителите на преодните и завршните одредби од Законот за извршување, и тоа чл. 265 в.в со чл. 268 од ЗИ.

Комората на извршители на 01.04.2017 година ја исполни својата законска обврска и согласно чл.56 став 3 од Законот за извршување достави писмен извештај за работењето на секој извршител поединечно за претходната година за вкупно примени и реализирани барања и наплатени трошоци, администрирање и награда.

На ден 10.07.2017 година КИРМ достави до Министерството за правда Предлози и мислења на Управниот одбор на Комората на извршители на РМ за основната поставеност на извршителите и прашања што се однесуваат на должноста извршител врз основа на член 78 став 1 т.б) од Законот за извршување. Со предлозите Комората побара реафирмирање на иницијативата на Комората за воведување на надлежност на извршителите за издавање на платни налози врз основа на веродостојни исправи за комунални услуги, задолжителна вонсудска наплата на долгови за сите комунални услуги согласно Законот за комунални дејности, без лимит на висината на побарувањето, укинување на обврската за плаќање данок на додадена вредност на извршителските услуги, измена на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување на начин да се предвиди законски исклучок од концептот за бруто плата кој исклучок би важел само при извршување на правосилни и извршни судски одлуки, за кои УЈП би изготвувал МПНИ пресметки онака како што досудил судот, без оглед дали досуденото се совпаѓа со концептот на бруто плата. Во оваа прилика, Комората предложи и потсредство на Министерството за правда да се направат работни средби со претседателите на судовите и да се усогласи ставот за извршување спрема должник – во стечај/ликвидација, како и работни средби, за да се усогласи и невоедначениот став на судовите при одлучување по барање за определување на лимит по член 218 став 2 од ЗИ. Со овој допис КИРМ предложи и да иницира и измена и дополнување на член 16 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, на начин што постоечкиот став 2 од членот да се избрише, а на негово место да се додаде: „ За вршење на работите од ставот (1) на овој член, општината може да склучи договор со друга општина односно да поднесе барање за извршување пред извршител согласно Законот за извршување“.

Комората на извршители на РМ во оваа извештајна година достави до Министерството за правда и свои образложени предлози кон Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2020 година.

На ден 14.11.2017 година КИРМ достави до Министерството за правда Барање за измена и дополнување на Законот за извршување со цел воведување на рамномерна распределба на предмети на извршителите.

Согласно одлука на УО на КИРМ на ден 22.12.2017 година Комората се обрати до Министерството за правда со Барање за укинување на член 12 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите како резулатат на Одлуката на Уставен суд на РМ од 29.11.2017 год.

## Нормативна активност на Комората на извршители

Комората на извршители на РМ во оваа извештајна година зеде активно учество во работните состаноци во Министерството за правда при изработка на измените и дополненијата на Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72 од 12 април 2017 година).

Министерот за правда во оваа извештајна година формираше Работна група за измени и дополнувања на Законот за извршување во која учествува и Комората со свои претставници: извршител Христо Јованов, извршител Антончо Коштанов и извршител Емилија Павловска.

По неколку одржани средби на Работната група и по објава на предлог текстот со измените на ЕНЕР, до Комората од страна на Министерот за правда беше доставено барање мислење по Предлог законот за измени и дополнувања на Законот за извршување, по кои измени Комората се произнесе со свое позитивно мислење.

Министерот за правда во оваа извештајна година формираше и Работна група за измени и дополнувања на Законот за нотаријат во која учествуваше и претстваник на Комората на извршители на РМ Емилија Павловска извршител од Штип.

Комората на извршители даде свое мислење по предлог измените и дополненијата на Законот за нотаријат.

Во оваа извештајна година Комората даде мислење и по барање на Министерството за правда за предлог Законот за бесплатна правна помош.

### Односи на КИРМ со други институции

КИРМ во оваа извештајна година иницираше одржување на средби со сите институции кои имаат заеднички допирни точки со работата на извршителите, а со цел да се изнајдат решенија за конкретни проблеми на кои наидуваат извршителите при вршењето на нивната работа. Комората на извршители на РМ и Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев, во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу двете институции одржа неколку зеднички советувања заради континуирано стручно усовршување во полето на соодветна примена на законите и зајакнување на капацитетите.

Комората на ден 30.11.2017 година до Државниот архив на РМ по повод обврските кои произлегуваат за извршителите како лица кои вршат јавни

овластувања и се иматели на  архивски материјал изработи предлог листи и планови, и во законскиот рок за извршителите кои доставија своја согласност за истото до Комората поднесе барање за добивање на согласност за примена на планот и листите од Државен архив на РМ, врз основа на кое мнозинството од извршителите со Решение на ДАРМ добија согласност за примена на Планот за архивски знаци за распределување на актите, Листата на архивски материјал и Листата на документарен материјал за 2017 година.

Претставници на  Комората на извршители на Република Македонија пучествуваа на неколку работилнииа за проектни компоненти 2 и 3 од Имплементација на легислатива за меѓусебно признавање на професионални квалификации .

На ден 22.02.2017 година претставници на КИРМ Емилија Павловска, Снежана Маролова, Благој Бањански и секретарот на КИРМ одржаа работен состанок во УЈП со цел решавање на проблемот со недоставување на МПНИ пресметки од страна на системот на УЈП и покрај започнување со примена на измените на законот со кои измени од 01.01.2017 година извршителите станаа обврзници за пресметка на бруто плата.

Комората на извршители на РМ во соработка со Управата за јавни приходи на РМ организираше обуки за начин на МПНИ пресметка од страна на извршителите, кои се одржаа во простотиите на УЈП и на кои како предавачи се јавија лица од УЈП. На обуките кои се одржа на ден 06.03.2017 година и на ден 07.03.2017 година, присустуваа вкупно 70 лица, вработени во канцелариите на извршителите и извршителите  како и 3 лица вработени во Стручната служба на Комората на извршители на РМ.Од страна на предавачите на обуките беше претставен начинот  за пополнување на МПНИ образецот и беа презентитани новите имени на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување. Понатаму, на обуката беше презентиран и клиентскиот софтвер изготвен од страна на Управата за јавни пригходи а кој софтвер има за цел да им овозможи на извршителите да вршат пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување врз основа на извршни исправи.

На  17.05.2017 година членовите на УО на КИРМ Весна Јакимовска и Анѓелка Ефкоска, Секретарот на КИРМ заедно со претставници од Министерството за правда одржаа работен состанок во Министерството за внатрешни работи на кој се дискутраше за неприменувањето на одредбата од ЗИ која се однесува за

спроведување на потрага по моторни возила од страна на полицијата на барање на извршител.

На ден 04.10.2017 година Гордана Џутеска член на УО и Билјана Николовска секретар на КИРМ, одржаа работен состанок со претставници на Фондот за здравство на кој се разговараше за проблемот со предмети во кои Фондот е доверител за истите се подолг период без никаква динамика во наплатата од должниците.

Комората на извршители и Министерството за труд и социјална политика потпишаа меморандум за соработка преку кој се утврдија заедничките активности на Министерството и Комората. Меморандумот го потпишаа Министерката за труд и социјална политика Мила Царовска и Претседателот на Комората на извршители на РМ Зоран Димов.

Претседателот на Комората на извршители на Република Македонија, Зоран Димов и директорот на Управата за водење на матичните книги Ѓоко Котевски на 18 октомври 2017 година потпишаа Меморандум за соработка. Меморандумот се однесува на електронска размена на податоци за постапките кои се водат пред извршител. Преку пристап до веб порталот на Управата се овозможува добивање на изводи, по електронски пат, во рок не подолг од 48 часа.

## Односи со медиумите

### А. Годишно известување на претставниците на медиумите

Комората на извршители на РМ во оваа извештајна година не одржа годишни известувања на претставниците на медиумите.

Комората во 2017 година продолжи со издавање на гласило на Комората насловено „ Правда“ кое еднаш месечно се издава во форма на подлисток во рамки на дневниот весник Нова Македонија и кое обработува теми поврзани со извршувањето. [8]

Во оваа извештајна година, Комората доби Решение од Државниот завод за индустриска сопственост со кое се призна правото на трговска марка на гласилото „Правда“ со што истото е впишано во регистарот на трговска марка под број 25178.

[8] Изданијата од подлистокот Правда се Прилог кон овој Извештај

**Планови на Комората за 2018 година**

Комората на извршители во 2017 година планира да биде присутна во полето на односи со медиумите со зајакнување на ПР политиката на Комората.

Електронско поврзување со банките, јавните книги и регистрите, се едни од идните предизвици на КИРМ во годината која претстои.

Комората на извршители на РМ во 2018 година планира да продолжи со издавањето на подлистокот „Правда“ со цел подобрување на имиџот на извршителите во јавноста. Во однос на релациите со домашните институции, Комората планира да ја продолжи добрата соработка со Министерството за правда на РМ, Академијата за судии и јавни обвинители, судовите во РМ.

Главен акцент во 2018 година од страна на Комората ќе биде ставен на реализирање на барањето на Комората за рамномерна распределба на предметите помеѓу извршителите, кое претставува и одлука на членовите на Собранието на КИРМ.

И покрај одлуката на Уставниот суд на РМ со која се укина рамномерната распределба на предметите, без оглед дали со измените кои се во тек Министерството за правда планира да предвиди во законот рамномерна распределба, Комората на извршители на РМ останува детерминирана во својот став дека е потребно сите извршители да добиваат подеднаков број на предмети, што Комората планира да го оствари преку склучување на меморандуми за соработка со доверителите кои имаат најголем број на предмети за извршување, со што ќе се обезбеди минимум опстанок во иднина на секоја извршителска канцеларија во РМ.

КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
Зоран Димов